**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ПЕДЕСЕТ И ДЕВЕТТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 13.05.2025 година**

**СКОПЈЕ, МАЈ 2025 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Педесет и деветтата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 13.05.2025 година**

Седницата започна во 13:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **м-р Сашо Кукески**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителот на материјалот предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

Пред преминување на разгледување и усвојување на Нацрт - Записникот од Педесет и осмата седница на Советот на Општина Гази Баба, за збор се јави членот на советот - **Сашо Начовски** (ВМРО-НП - коалиција предводена од СДСМ) кој до претседателот на советот упати деловничка забелешка околу непочитување на законскиот рок најдоцна 7 дена пред денот на одржување на седницата за објавување на материјалите за седницата на совет (во согласност со член 39 став (4) од Законот за локалната самоуправа, а во врска со член 59 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба).

**********

По Нацрт - Записникот од **Педесет и осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Педесет и осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **25 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **м-р Сашо Кукески**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **25 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
2. Предлог - Одлука за давање согласност за отворање на 3 (три) воспитно -

образовни групи, во објектите "Сончоглед", "Темјанушка" и "Калинка" на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
3. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства на Здружение Кризен центар "Надеж", за поддршка при реализација на проект за помош, поддршка и заштита на жртви од семејно насилство;
4. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2025 година;
5. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028);
6. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање на донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје; и
7. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2025 година.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлука за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за отворање на 3 (три) воспитно - образовни групи, во објектите "Сончоглед", "Темјанушка" и "Калинка" на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за отворање на 3 (три) воспитно - образовни групи, во објектите "Сончоглед", "Темјанушка" и "Калинка" на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства на Здружение Кризен центар "Надеж", за поддршка при реализација на проект за помош, поддршка и заштита на жртви од семејно насилство.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со измените во текстот)** ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување на финансиски средства на Здружение Кризен центар "Надеж", за поддршка при реализација на проект за помош, поддршка и заштита на жртви од семејно насилство, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за**

**урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2025 година, со **20 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028).**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), со **23 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање на донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за примање на донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2025 година, со **19 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - м-р Сашо Кукески ја заклучи Педесет и деветтата седница на советот на Општина Гази Баба, во **13:25** часот.

**Број 09-6058/2**
**од 30 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот